Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 02-1241/6
17-05 2019 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015,61/2015, 39/2016 и 64/2018 ) и член 22 од Статутот на ЈП Комуналец – Кавадарци, Управниот одбор на седницата на ден 15.05.2019 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на тримесечен извештај**
**за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за 2019 година**

**Член 1**

Се прифаќа тримесечниот извештај за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за 2019 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на давањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

ЈП Комуналец - Кавадарци
Управен одбор
Претседател

/м-р. Марјанчо Павлов/

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 01-1380/1
27-05 2019 год.
КАВАДАРЦИ

# Извештај

за работењето на ЈП Комуналец Кавадарци за

период од 01.01 – 31.03.2019 год.

Кавадарци 15.05.2019 год.

Редослед на извештаите по работни единици:

1. Сектор Водовод
2. Сектор Канализација
3. Сектор Комунална хигиена
4. Одделение за одржување на механизација и возила
5. Одделение за изготвување и дистрибуција на сметки и следење на наплата
6. Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси
7. Одделение за гробишта (управување со гробишта)
8. Одделение за пазар
9. Сектор финансии

# Сектор Водовод

## Извештај од 01.01.2019 до 31.03.2019 год.

Основни активности на оваа единица е зафаќање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење на град Кавадарци.

Од регионалниот водовод како корисник на услугите на овој сектор е градот Неготино,а преку секундарна водоводна мрежа е градот Кавадарци со приградските населби како и селата: Гарниково, Бојанчиште, Куманичево, Д.Бошава, Конопиште, Крњево,Бегниште, Шивец, Возарци, Сопот, Марена, Страгово, Дреново и Трстеник.

Во 2019 год. Секторот за Водовод отпочна со извршување следните работни задачи:

1. Вршење увид во состојбите на капиталните објекти на регионалниот довод како извори, каптажи, филтер станица, хлораторска станица и градски резервоари и констатирање на нивната состојба.
2. Состојбата со водоснабдувањето во градот од 01.01.2019 год. до 31.03.2019год. беше добра, односно граѓаните во сите три зони(ниска, средна и висока) имаа редовно водоснабдување.. Со овој режим на управување се обезбеди континуирано водоснабдување за сите водокорисници за системот Лукар.
3. На изворишниот дел, освен редовните активности имаше интервенции во пробивање на патот до тиролскиот зафат на Стара река од големи наноси на снег и проблеми со замрзнување на површината на зафатот, што резултираше со намалување на дотокот на вода во период од 20 дена.
   Се изврши проверка на воздушниот вентил на целот регионален довод.
   Се изврши редовна контрола на филтрите за секој поединачно.
4. Се вршеше и систематско следење на состојбата со вентилите, во каква состојба се и нивна поправка или замена со нови.
5. Во изминатиот тримесечен период завршени се следните позначајни активности :
   - Пуштена во употреба е пумпа на прекидна комора кај Бојанчиште.
   - Се изврши реконструкција на водоводна линија на улица Глигор Прличев во должина од 240 метри.
   - Изведени се изводи за вода за зеленило на градски плоштад Л=50 м.
   - Изработени се приклучоци за вода за зеленило на ул. Игман, Бел Камен, кај спортска сала Партизан и црква, Западен булевар, 12 дугари, ул.Ѓуро Салај.
   - Доврщување на водоводна мрежа со шахти и чворови на ул. Праведничка Л=300 м.
   - Поставување на црево за пумпи заедно со ископ Л=680 м.
   - Извршена е реконструкција на водоводна линија на ул. Киро Арсов комплет со враќање во првобитна положба Л=150м.
   - Извршена е реконструкција на водовод-Ф110 на ул. Скопска во должина од Л=195м.
   - Бетонирање на платформа за цистерна за вода и поставување на цистерната на локација блиску до костурницата.

- Изведен приклучок за вода за Објект на ЈП Паркинзи.
- Дислокација на водоводна линија во речното корито Ф110 во Ваташа.
- Санирани се и ставени во функција три фонтани на градски парк, парк спроти полиција и на градски плоштад.
- Санирана е прекидна комора за село Ресава.
- Извршена е реконструкција на водоводна линија Ф63 Л=76 м на улица 25 Мај.
- Санирана е прекидна комора Моклиште.
- Наместен е нов пловак на новите резервоари Ф160.
- Санирана е прекидна комора за Фени Ф160.

6. Во овој период навремено се санираат и отстрануваат дефекти на водоводна линија
7. Изработени се Основни Проекти за дел од планираните реконструкции на водоводни линии .
8. Во овој тримесечен период од страна на групата за урбано одржување извршени се градежни работи на повеќе улици (локалитети) односно извршено е preредување на постоечки бехатон плочи и повторно редење на истите, вградување на нови бехатон коцки, изработка на ѕидови од декоративен блок, исфрлање на земја, шут и друг матгеријал од повеќе локации. Извршено е тампонирање и, прередување на бетонски рабници и вградување на нови рабници. Санирани се деформирани површини со гранитна коцка во Градскиот парк. Извршено е крпење на прекопи со асфалтна маса. Ограден е просторот кај цвеќарата. Хоризонталната сигнализација е обележана со пластификатор и бела боја на некои улици, обележани се паркинг местат, автобуски стојалишта и такси стојалишта.

Сектор Водовод
Раководител со овластување

Петар Камчевски

ЈП Комуналец Кавадарци
Директор

Ѓорѓи Поп Ицов

# Сектор Канализација

## Извештај од 01.01.2018 до 31.12.2018 год.

Основни активности на оваа единица е прифаќање и одведување на фекална и атмосферска вода до колекторот, односно реципиентот и други дејности поврзани со фекалните и атмосферските води.

Во 2019 год. Секторот Канализација отпочна со извршување следните работни задачи:

- Солидарни згради –поставување на решетка Л=12 м.
- Решен е проблемот со поплавувањето на подрумските простории на зградата на ЕВН
- Интервенции за чистење на сливници низ градот -84 бр.
- Заменети се 70 шахти со нивно нивелирање.
- Довршување на канализациона мрежа со шахти и чворови на ул. Праведничка Л=300 м.
- Помагање во поставување и санација на столбчиња на тротоарите.
- Извршена е реконструкција на фекална-Ф315 и атмосферска линија Ф315 на ул. Скопска во должина од Л=195м.
- Чистење на колекторот со машинка за чистење на жили и дијагностика со камера.
- Изведен приклучок за канализација за објект на ЈП Паркинзи.
- Изработени се 2 прекопи преку пат со премин на атмосферска канализација на ул. Цветан Димов и 6 прекопи со премин на атмосферска канализација на бул. Никола Минчев.
- Изведен е прелив Ф400 за фекална канализација на ул. Страшо Пинџур Л=6 м.
- Извршена е реконструкција канализациона линија Ф250 Л=76 метри на улица 25 Мај.
- Реконструирана е делница од 46 м на колекторот Ф800 кај Општа болница Кавадарци.
- Извршена е реконструкција на атмосферска канализација на ул. Тиквешко Востание.
- Во овој период навремено се санираат и отстрануваат дефекти на канализациона линија
- Изработени се Основни Проекти за дел од планираните реконструкции на фекална и атмосферска канализација со средства одобрени од KfW банка.
- Редовно и навремено се вршеше чистење и одзатнување на канализации со Каналџет секаде каде се јави потреба.

Сектор Канализација
Раководител

Петар Камчевски

ЈП Комуналец Кавадарци
Директор

Ѓорѓи Поп Ицов

# Сектор за Комунална Хигиена

## Извештај од 01.01.2019 до 31.03.2019 год.

Работата во сите одделенија во склопот на Сектор Комунална Хигиена се одвиваше според Програма за работа за 2019 година и истата беше во целост исполнета.

**ОДДЕЛЕНИЕ ИЗНОС НА СМЕТ**

Ова одделение располага со 33 извршители а истата врши колектирање, транспорт и депонирање на комунален смет, и смет сличен на комуналниот на градската депонија "МЕЛЦИ".

Износот на смет се вршеше според програмата за работа за 2019 година усвоена од Советот на Општина Кавадарци со следниот интензитет.

| Ред.број | Локација | Број на исфрлувања неделно |
|---|---|---|
| 1. | Строго централно подрачје | 7 пати неделно (10 контејнери 2 пати дневно) |
| 2. | Централно подрачје | 3-4 пати |
| 3. | Останато градско подрачје | 2 пати |
| 4. | Индустриска зона | 1 пат<br>по потреба и почесто |

Вршиме услуга на 10,370 домаќинства, 320 фирми и 893 дуќани во Општина Кавадарци и околните населби.

Количина на собран, транспортиран и депониран отпад на депонија" МЕЛЦИ"

| | **Комунален отпад /т** | **Органски отпад од растително потекло/т** | **Органски отпад од животинско потекло/т** | **Земја и градежен отпад/т** |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 1050 | 55 | 75 | 600 |
| Февруари | 1200 | 120 | 70 | 1100 |
| Март | 1200 | 120 | 110 | 1300 |
| **Вкупно:** | **3450** | **295** | **255** | **3000** |

За собирање, транспортирање и депонирање на сметот од Општината, се користат следните возила:

- 6 автоѓубрарки
- 2 трактора

- 2 самоподигачи за контејнери од 5 и 7 м3
- Булдожер за туркање и покривање на сметот на депонијата.

Двата трактора редовно вршеа собирање на градежниот шут и кабастиот отпад оставен до контејнерите од несовесни граѓани,вршеа ослободување на контејнерите од снег заради полесна манипулација со нив а исто така редовно беа ангажирани за потребите на Општината и граѓаните а за првите три месеци од оваа година беа доделени со право на користење 20 типизирани канти за отпад од 120 л.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНА (УСЛУЖНА ) ДЕЈНОСТ

Ова Одделение располага со 26 вработени од кои 23 директни извршители и 3 техничари.

Оперативниот план за работа во изминатите 3 месеци е во целост извршен, а тоа значи дека редовно се вршеше пометување на улиците во градот кои се предмет на одржување, а за време на снежните врнежи се вршеше чистење на снегот од тротоарите ,кршење на мразот и посипување со сол и ризла на Јавните површини за кои е задолжен ЈП Комуналец Кавадарци ,почнувајќи од тротоарите на улиците од 1 ва категорија и Градски плоштад па до сите Јавни институции во градот. Од страна на ова одделение редовно се вршеше чистење на сливниците за време на поројните дождови посебно на критичните места како што се Северен Булевар, Кружен тек,7 ми Септември и др. улици каде што имаше потреба од тоа.

Редовно се вршеше пометување на Кејот на реката Луда Мара а беше извршено и чистење на наносот од песок и камења за време на верскиот празник Водици.

Пометувањето на улиците од 1ва категотија се вршеше 1ва смена од 05 часот наутро, а неколку пати беше извршено и вонредно метење и миење на Градскиот плоштад.

Од јануари оваа година се продолжи со машинско пометување со три метларки кои работат по програма усвоена од Совет на општина Кавадарци

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ХОРТИКУЛТУРА

И во ова Одделение работењето се одвиваше според Програмата за 2019 година, а тоа значи дека редовно се вршеше одржување, обнова и чување на зелените површини во градот.

Одделение за хортикултура располага со 22 извршители, а ги одржува следните објекти:

- Градски парк

- Градски Плоштад со ул. Илинденска
- Парк Полана
- Парк наспроти ОВР
- Кеј Б.Џунови и К.Крстев
- Кеј Б.Алексов и Д.А.Габерот
- Кружен тек, М.Пијаде,Е.Кардељ, К.Рацин
- Спомен парк 12 те Скоевци – Ваташа
- Дрвореди во градот со 2800 стебла
- Сите булевари во градот
- Парк Солунска глава
- Нов кружен тек со Западен Булевар
- Брана Моклиште

Вкупно зелени површини кои се одржуваат

- Интензивно одржување 43.370 м2
- Екстензивно одржување 24.900 м2
- Скверови 22.670 м2
- Патеки 22,000 м2

ВКУПНО: 112.940 м2

Покрај редовните активности, на почетокот од годината беше извршено кастрење и сечење од корен на стари и гнили садници од дрворедите каде што имаше потреба.

Беше направена комплетно нова реконструкција на локација во кругот на Бел Камен зградите со површина од 6.000 м2, поставување на водоводна мрежа и посејување со трава на истата, и обновени се неколку триаголници.

Садено е 220 бр. садници Копривка, Јавор, Јасен и Каталпа на повеќе локации, садени се и 20 грмушки.

Во овој период се засадени и 1.000 бр на цветен расад на кружен тек на Блажо

Алексов и триаголник на Тиквешко Востание.

Направено беше редовно сечење и поткастрување на суви стебла, коров и чистење во градскиот парк.

Во текот на зимскиот период при врнежи од снег, извршителите од оваа работна единица беа ангажирани за правење стази и тресење на снегот од садниците за да не дојде до нивно кршење.

Шинтерската служба по пријава од овластено лице од Сектор Комунална Хигиена излегува на терен за заловување на кучиња скитници и од 1.1.2019 до 31.3.2019 се заловени 33 кучиња од кои 12 се еутанизирани, а 22 се соодветно третирани, означени и вратени на исто место од каде и се заловени.

Раководител

Петар Камчев

Директор

Ѓоко Поп Ицов

Јавно претпријатие за комунална работа КОМУНАЛЕЦ Кавадарци

# Одделение за одржување на механизација и возила

## Извештај од 01.01.2019 до 31.03.2019 год.

Одделението за Одржување на Механизација и возила во склоп на ЈП Комуналец – Кавадарци врши одржување и поправка на сите моторни, товарни возила и градежни машини, како и опслужување на сите Сектори во претпријатието со истите а воедно ги извршува и сите браварски работи.

Во Одд.за Одржување на механизација и возила вработени се 49 работници и тоа: 1- Раководител, 35 возачи на лесни, товарни и специјални возила , 6 машинисти-опслужители на градежни машини, 3 механичари и 4 бравари.

Возилата со кои располага Одд.за Механизација по тип и намена се следните:

3-самоподигачи(од кои еден во неисправна состојба), 5-трактори, 3-цистерни,1-цистерна Канал Џет за канализација, 11-возила за износ на смет, 2 булдожери, 2-пик-ап камиони, 2-кипери, 5-багери-ровокопачи,6-леки коли, 3-теренски возила,3-ладиниви, 3- метларки, 1-ваљак, 3-APN мотоцикли, 2 мотоцикли од 50цм3, 2 мотоцикли од 150цм3 и други помошни средства.

Возила кои се користат во **Сектор Комунална Хигиена** се:

| Р.Б. | Тип на Возило |
|---|---|
| 1. | **Автоѓубрарка Хјундаи** со капацитет на собирање на комунален смет од 5м3 |
| 2. | **Автоѓубрарка МАН** со капацитет од 16м3 |
| 3. | **Автоѓубрарка Хјундаи** со капацитет од 6м3 |
| 4. | **Автоѓубрарка ИВЕКО Отојол** со капацитет од 5м3 |
| 5. | **Автоѓубрарка ИВЕКО Еурокарго** со капацитет од 12м3 |

| | |
|---|---|
| | |
| 6. | **Автоѓубрарка СКАНИА** со капацитет од 12м3 |
| 7. | **Самоподигач Застава** за подигање на контејнери од 5м3(во неисправна состојба) |
| 8. | **Самоподигач Хјундаи** за подигање на контејнери од 5м3 |
| 9. | **Самоподигач ФОРД** за подигање на контејнери од 5м3 и 7м3 |
| 10. | **Трактор ИМТ 539** |
| 11. | **Трактор ИМТ 539** |
| 12. | **Трактор Ди Тафе** |
| 13. | **Фиат Добло** |
| 14. | **Моторче АПН** |
| 15. | **Автоѓубрарка Ивеко Еурокарго** со капацитет од 8м3 |
| 16 | **Автоѓубрарка Форд** со капацитет од 16м3 |
| 17. | **Булдожер ШАНТУИ** за туркање на сметот на депонија " Мелци" |

| | |
|---|---|
| 18. | **Метларка Хако 2000 Ситимастер х 2** |
| 19. | **Метларка Хако 1200 Ситимастер** |
| 20. | **Мотор Хамачи** 150цм3 |
| 21. | **Дачиа Дастер** |

Возила кои се користат во **Сектор Водовод и Сектор Канализација** се:

| Р.Б. | Тип на Возило |
|---|---|
| 1. | **Лада Нива** |
| 2. | **Фап 15/16 Цистерна** |
| 3. | **Фиат Сеиќенто** |
| 4. | **Фиат Добло** |
| 5. | **Фап 13/14 –** Кипер |
| 6. | **Фап 13/14 –** Цистерна |
| 7. | **Скип РУ 050** |

| | |
|---|---|
| 8. | **Фиат Дукато** |
| 9. | **Моторче АПН x 2** |
| 10. | **Ровокопач ХМК 62 с –** мини скип |
| 11. | **Ровокопач ХМК102 б –** голем скип |
| 12. | **Трактор ИМТ 539** |
| 13. | **Трактор Махиндра 475** |
| 14. | **Моторче 50м3** x 2 |
| 15. | **Ивеко Еурокарго (КАНАЛ ЦЕТ) –** Цистерна за чистење на канализации |
| 16. | **Газеле Некст од 2 до 3м3 –** Кипер |
| 17. | **Ровокопач ХМК 102 б Алфа**– голем скип |
| 18. | **Ровокопач ХМК 62сс –** мини скип |
| 19. | **Форд Кипер од 8 до 10т.** |
| 20. | **Дачиа Дастер** |

Возила кои се користат во **Сектор Општи и правни работи и Сектор Финансии** се:

| Р.Б. | Тип на Возило |
|---|---|
| 1. | **Фиат Панда** |
| 2. | **Тојота Авенсис** |
| 3. | **Дачиа Дастер** |
| 4. | **Лада Нива** |
| 5. | **Мотор** 200цм3 |

Во првите три месеци од 2019 г. во механичарската работилница се извршуваа тековни поправки на хидраулични пумпи и компресори на постарите возила,извршени се неколку поправки на надградби на поновите автосмеќарки, нивни редовни сервиси,поправка на автоелектрика на возила како и нивно редовно одржување. Извршен е комплетен сервис со промена на ребраст каиш , затегач и водна пумпа на метларките Хако Ситимастер 2000 со промена на брегаста и ременица за брегаста на едната од нив. Извршена е промена на потисна плоча,друг лагер и ламела на Фиат Добло,промена на главен автомат за воздух на Форд Самоподигач,промена на водна пумпа и перка за ладник на Трактор ИМТ 539,стабилизатори на Дачиа Дастер,промена на заби на корпа и кумплунг спојка на Хидромек ХМК 62 како и санирање на помали тековни дефекти .

Во браварската работилница се работеше на поправка на контејнери од 1,1м3, замена на оштетени тркала, поправка на контејнери од 5м3, поправки на надградби на возила, изработка на метални капаци за шахти, изработка и монтирање на метални решетки на улиците, поправка и замена на вентили по текот на главната водоводна линија, поправка и изработка на тезги на градскиот зелен пазар, како и други услуги на останатите одделенија во претпријатието. Во овој период се продолжи со работа на терен со еден задолжен бравар и еден помошник за поправка на урбаната опрема низ целиот град (клупи,детски игралишта, корпи за отпадоци итн.), поставување и поправка на метални столбчиња, како и поправка на сообраќајни знаци.

Потрошувачката на гориво и резервни делови во овој период беше во рамките на предвидената потрошувачка.

За потребите на ЈП Комуналец Кавадарци набавени се 2 плуга(даски) за чистење на снег компатибилни за малиот скип Хидромек ХМК 62 како и камион Кипер со носивост од 8 до 10 тони со што се задржува трендот на обновување на возниот парк и потребната приклучна механизација.

Одд. за одрж. на механизација
Раководител со овластување

Панче Станоев

ЈП Комуналец Кавадарци
Директор

Ѓорѓи Поп Ицов

# Сектор општи и правни работи

# Одд. за изготвување и дистрибуција на сметки и следење на наплата

## Извештај од 01.01.2019 до 31.03.2019 год.

Одделението за изготвување и дистрибуција на сметки и следење на наплата го опслужуваат тринаесет инкасанти, четири инкасанти - наплатувачи во наплатниот пункт сместен на градскиот пазар и едно лице за поплаки и прием на странки, канцеларија за печатење на месечни фактури сместена во стопански двор која ја опслужуваат три лица, двајца водоинсталатери за промена на водомери штопирање на диви приклучоци и промена на водомери, еден одговорен и еден работник во баждарница и еден Предводник – координатор на Одделение.

**Основна цел на Одделението е реално фактурирање и наплата на услугите**, преку која ЈП Комуналец Кавадарци како давател на услугите обезбедува средства кои му овозможуваат редовно ги сервисира своите корисници, односно овозможува редовно и непрекинато снабдување со исправна вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем и одведување на урбаните отпадни води преку изградената канализациона мрежа и износ на смет – собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на граѓаните.

Од прегледот за три месечното фактурирање на вода во **2019 год.** се гледа дека **задолженеото за вода во 2019 година кај правни лица е 165.692 м3**, а во **2018 година** за иститиот вид на корисници е фактурирани се **144.301 м3**. Во **2019 година** Одделението бележи **зголемено фактурирање од 21.391 м3.**

Кај корисниците **евидентирани како физички лица** во прviот квартал на **2019 год.** фактурирани се **422.484 м3**, а во **2018 година** за истиот период **437.201 м3**. Во **2019 год.** бележи намалено фактурирање од **14.717 м3,** но од графичкиот приказ во прилог каде споредбено е изразена количината на оваа услуга и во изминатите две години воочливо е дека сепак фактурирањето има растечка прогресија.

Причина за постепениот пораст кој е со мал интензитет во фактурирањето се должи пред се на стабилните временски услови во зимските месеци 2018 и 2019 год. за разлика од 2017 год. во која првите два месеца беа со екстремно ниски температури а енормно зголемената потрошувачка беше како резултат на еден вид превентива од страна на корисниците поради страв од замрзнување на водоводните и канализационите мрежи.

Постојаното укажување кон корисниците на мерки за штедење и примена во пракса на истите, редовното месечно отчитување и сликање на мерните инструменти, замена на неисправните броила со цел регистрација на точна потрошувачката, редовни контроли за кои е планиран и засилен интензитет во периодот кој следи а со цел детекција на евентуална злоупотреба и кражба на вода за пиење, редовните опомени и тужби од страна на Секторот за општи и правни работи кои пак резултираат со висок процент на наплата на месечните фактури, се причините кои ги наведуваат корисниците да ги применуваат мерките за штедење и одговорно да ги користат услугите на претпријатието.

Кај корисниците евидентирани како правни лица - дуќани за услуга за вода пиење во првиот квартал на 2019 год. сме фактурирале **14.144 м3,** а за истиот период во 2018 година **13.989 м3. Во 2019 имаме зголемено фактурирање од 155 м3.**

**Вкупно 2019 год. имаме фактурирано 602.320 м3, а во 2018 година се фактурирани 595.021м3. Во 2019 година имаме зголемено фактурирање од 6.811 м3**

| Месец | Пр. Лица М3 вода | Физ. Лица М3 вода | Дуќани М3 вода | Вкупно М3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 59.976 | 141.335 | 5.073 | 206.384 |
| 2 | 53.923 | 142.724 | 4.489 | 201.136 |
| 3 | 51.793 | 138.425 | 4.582 | 194.800 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вк.2019 | 165.692 | 422.484 | 14.144 | 602.320 |
| вк.2018 | 144.301 | 437.201 | 13.989 | 595.491 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| споредба | +21.391 | -14.717 | +155 | +6.811 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вк.2018 | 144.301 | 437.201 | 13.989 | 595.491 |
| вк.2017 | 214.068 | 474.685 | 15.268 | 704.021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| споредба | - 69.767 | -37.484 | -1.279 | -108.530 |

**Од прегледот за тримесечното фактурирање за услуга износ на смет – ѓубрарина за 2019 година бележиме опаѓање на фактурирање од 87.080 м2 споредбено со 2018 година.** Причина за намаленото фактурирање на износ на во големите фирми е како резултат на количината на површина која е намалена пред се во Draexlmaier, површина која комисиски е утврдено дека не се користи, како и некои помали интервенции кај корисниците кои имаат побарано увид од страна на овластени лица.

Во 2018 година фактурирано за износ на смет

| | |
|---|---|
| Физички лица | **6.186.156 м2** |
| Правни лица дуќани | **76.463 м2** |
| Правни лица | **5.759.555м2** |
| Вкупно | **12.022.174м2** |

Во 2019 година фактурирано за износ на смет

| | |
|---|---|
| Физички лица | **6.354.787 м2** |
| Правни лица дуќани | **81.155 м2** |
| Правни лица | **5.499.152 м2** |
| Вкупно | **11.935.094 м2** |

| Месец | Пр. Лица М2 смет | Физ. Лица М2 смет | Дуќани М2 смет | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.831.977 | 2.117.319 | 27.388 | 3.976.684 |
| 2 | 1.831.591 | 2.119.193 | 26.960 | 3.977.744 |
| 3 | 1.835.584 | 2.118.275 | 26.807 | 3.980.666 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вк.2019 | 5.499.152 | 6.354.787 | 81.155 | 11.935.094 |
| вк.2018 | 5.759.555 | 6.186.156 | 76.413 | 12.022.174 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| споредба | -260.396 | +168.631 | +4.692 | - 87.080 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вк.2018 | 5.759.555 | 6.186.156 | 76.463 | 12.022.174 |
| вк.2017 | 5.745.225 | 6.445.756 | 74.235 | 12.265.216 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| споредба | +14.330 | - 259.600 | +2.228 | -243.042 |

Во склоп на наплатниот пункт кој се наоѓа на градскиот пазар функционира канцеларијата за прием на странки каде од 01.01.2019 до 31.03.2019 се доставени 472 барања за промени од активни во неактивни и обратно, промена на корисник по основ на наследство или купопродажба, промена на површина за износ на смет, промена на адреса и поделба на корисник. Архивирани се сите барања, 470 се изготвени и реализирани, а 2 се одбиени како неосновани.

Од **01.01.2019** до **31.03.2019** година се сменети **109 водомери**. Во периодот кој следи планирано е спроведување на акција за замена на мерни инструменти кои се со застарени механизми и веројатноста за неточна регистрација на потрошувачка постојано се зголемува и паушални корисници со нови водомери.

Од 01.01.2019 до 31.03.3019 откриен е 1 див приклучок кој е соодветно санкциониран по принцип на кои се регулираат таквите прекршоци, соодветно пријавени, изречена парична казна по Одлука на Совет на Општина Кавадарци штопирани или ставени под водомер по претходно уредно Решение за платен приклучок за вода и канализација.

Пунктот за наплата тековно ги извршува дневните уплати секој работен ден од 07 до 20 часот, и сабота од 07 до 15 часот, со дневно генерирање на истите до Секторот за финансиско работење.

**Во периодот од 01. 01 до 31.03.2019 се наплатени вкупно 9.047.226 ,00 денари.**

| Одговорно лице | Раководител на Сектор Општи и правни работи | ЈП Комуналец Кавадарци Директор |
|---|---|---|
| Кристина Тасева | Роска С.Клинчарова | Ѓорѓи Поп Ицов |

# Одделение за општи и правни работи

## Извештај од 01.01.2019 до 31.03.2019 год.

Одделението за општи и правни работи и човечки ресурси е дел од Сектор за општи и правни работи и истото во овој период располага со следните пополнети работни места:

-Советник за застапување- двајца извршители;
-Советник за административно-правно работење и управување со човечки ресурси- еден извршител;
- Самостоен референт Архивар еден извршител,
- Хигиеничар - двајца извршители,
- Чувар-патрола пет извршители;
-Референт за административно технички работи - еден извршител;
- Референт за административно правно работење – двајца извршители.

Основната цел на одделението за општи и правни работи и човечки ресурси е раководење, организирање, насочување и координирање на работата на одделението одговорност за извршувањето на работите поврзани со законското работење на претпријатието и контрола на работите поврзани со спроведување на законите.

Основна задача на одделението за општи и правни работи и човечки ресурси е навремено подготвување на сите тужби, предлози за издавање на нотарски платен налог, жалби, приговори, барања за извршувања и други видови поднесоци до надлежни судови, нотари, извршители, управни органи а во врска со наплатувањето на побарувањето кое го има претпријатието према корисниците на комунални услуги, каде претпријатието се јавува како тужител-доверител но и во случаи кога претпријатието по разни основи се јавува како тужен односно должник.

Во месец септември минатата година од страна на Управниот Одбор на претпријатието и дадена согласност од страна на Совет на Општина Кавадарци беше донесена Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци на постапка спроведена пред надлежен нотар или суд бр. 02-1110/4 од 24.09.2018 година и нејзино дополнување бр.02-1768/3 од 12.11.2018 година Каде корисниците на комунални услуги можеа да склучат договор за наплата на долгови без пресметување на камата истата до 28.02.2019 година. Согласно погоренаведената одлука од страна на одделението за општи и правни и човечки ресурси беа изготвени вкупно 265 Договори чија вкупна вредност изнесува 8.615.934,оо денари.

Во период од 01.01.2019 заклучно со 31.03.2019 година одделението за општи и правни работи и човечки ресурси изготви 326 опомени пред поднесување на предлог за издавање на Нотарски платен налог за физички лица износот на опоменатиот долг е 11.096.303,оо денари а за 2.386 фактури.

Согласно законските измени во Законот за нотаријат (Сл.весниk на РМ бр.233/18 од 20.12.2018 година) предлозите за издавање на Нотарски Платен Налог се делат на предлози за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги за вода за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6000 денари се поднесува непосредно пред нотар без плаќање на обврската за судска такса, додека пак кога износот на вкупните побарувања го надминува

износот над 6000 денари тогаш истите се поднесуваат до надлежен нотар задолжително преку адвокат.

Врз основа на ова ЈП Комуналец Кавадарци во овој период изготви предлози за издавање на Нотарски платен налог за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6000 денари вкупно 225 и утужи износ од 809.870,оо денари и нотарска награда во вкупен износ од 79.958,оо денари.

Додека пак предлози за издавање на Нотарски платен налог врз основа на веродостојни исправи чие вкупно побарување изнесува над 6000 денари се изготвени вкупно 181 предлог и се утужи износ од 1.887.219 денари нотарска награда во износ од 90.500,оо денари.

Од поднесените предлози за издавање на Решение за нотарски платен налог 172 се правосилни, 11 се почиати должници, по 5 има поднесено приговор, 10 се вратени за доуредување, 2 се Нотарот се огласил за месно ненадлежен а за останатите сеуште е во тек нивната достава од страна на надлежниот нотар.

Во наредниот период одделението за општи и правни работи и човечки ресурси планира да спроведе поголема поефикасна соработка со одделението за изготвување на сметки дистрибуција и следење т.е со рефенти-инксант во смисла на ажурирање на базата на податоци како со точни адреси така и со матични броеви, квадратури, потрошена вода и слично како поефикасно би се вршела доставата на предлозите за издавање на нотарски платен налог од страна на надлежните нотари и се намали бројот на поднесените приговори од страна на должниците.

Во овој период се изготвени и два Предлози за издавање на нотарски платен налог за правни лица. Утужениот износ на овие предлози изнесува 150.000,оо денари.

**1.Податоци каде ЈП Комуналец е доверител (тужител)**

Од предходниот период пет предмети се по жалба пред Апелационен суд Скопје.

Предметите кои беа пред Основен суд Велес за предметите се донесени пресуди во корист на ЈП Комуналец Кавадарци односно усвоено е тужбеното барање/склучени се судски порамнувања на ЈП Комуналец Кавадарци.

**2.Податоци каде ЈП Комуналец Кавадарци е должник (тужен)**

Предметот кој што беше по жалба од предходниот период донесена е пресуда во корист на ЈП Комуналец но предметот е на ревизија во Врховен суд Скопје, два предмети се во тек а за два се чека пресуда.

## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

Во овој период, одделението за општи и правни работи и човечки ресурси има и секојдневни застапувања пред судовите во Републиката а најчесто во Основен суд Кавадарци и Велес.

Имавме и посета од страна на Државниот инспектор по животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање, каде ЈП Комуналец Кавадарци постапи по задолженијата.

Извршени се редовни контроли на трудовите инспектори како редовни така и вонредни- по пријави.

Изготвен е и доставен Извештај на ахривски материјал од трајна вредност за 2018 година до Државен Архив на Република Македонија Подрачно одделение Велес со попис и опис на архивски материјал.

Во овој период Одделението за општи и правни работи изготви и човечки ресурси и спроведе 4(четири) огласи за вработувања на определено време и и тоа во месец јануари се спроведе оглас за 4 (четири) вработувања на определено време од 6 месеци, во месец февруари се реализираа 2 (два) огласи во првиот се вработија 21 лице на определено време од 6 месеци а во вториот 4 лица на определено време од 9 месеци додека пак во месец март се спроведе 1 (еден) оглас за тројца вработени на итни и неодложни работи на определено време од еден месец.

Се сроведија и 4(четири) дисциплински постапки поради повреда на работните обврски и тоа за тројца од нив се донесе одлука за отказ( да напоменам дека за овие тројца вработени се спороведе постапка поради неоправдано отсуство од работа повеќе од три дена и не оправдување на истото) а по една од нив се заврши со писмена опомена.

Одделението за општи и правни работи и човечки ресурси во овој период активно учестуваше и во изготвувањето на целокупната документација како Извештаи, Барања, Одлуки, Заклучоци и нивно умножување и правилно доставување на седничниот материјал на Управниот и Надзорниот Одбор на ЈП Комуналец Кавадарци како и се грижеше за нивно правилно спроведување.

Следна задача на одделението на општи и правни работи и човечки ресурси а во која активно учествуваше е и примена на законите кои се однесуваат на безбедноста и здравје при работа, спроведување на редовен систематскиот преглед за новите вработени во претпријатието, спроведување на обука за безбедност и здравје при работа од каде вработени се здобија со уверение за успешно спроведена обука, спроведување на архивското работење - писмено, подготвување на акти поврзани со нови вработувања (Одлуки, Оглас, Договори), престанок на работен однос, Решенија за Годишен Одмор, отсуства, пријавување и одјавување на работници во Агенција за вработувања и Фонд за Здравствено Осигурување или целосно спроведување на постапка за прием и одјава на работници, водење на грижа за персоналните досиеја за сите вработени во Претпријатието, како и одржување на правилна хигиена на работниот простор во одделението.

| | | |
|---|---|---|
| Помош Раководител на Сектор за општи и правни работи | Раководител на Сектор Општ. и прав. работи | ЈП Комуналец Кавадарци Директор |
| .Цветанка Т. Змеовска | Роска С.Клинчарова | Ѓорѓи Поп Ицов |